ООУ Ѓорѓија Пулевски

# ООУ ,,ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ,,

Бул. Јане Сандански бр.27А ,Скопје ,тел.02/ 2444-415   e-mail gpulevski@yahoo.com

# ПРОГРАМА

за

## ТРОДНЕВНА ЕКСУРЗИЈА

за учебната 2025/2026  учениците од IX одделение



## 1. Воспитно образовна цел на екскурзијата

Ќе биде преку непосредно и директно запознавање со хидрографските објекти на изворот на реката Вардар, Мавровското езеро, Вевчанските извори и Охридското езеро.

Екскурзијата има за цел учениците од завршното деветто одделение од општинското основно училиште „Ѓорѓија Пулевски“ од Скопје да се запознаат со природните, социографските и стопанските карактеристики на нашата татковина во нејзиниот западен дел. Запознавањето на природните убавини луѓето, стопанските објекти културата и начинот на живеењето на луѓето на овој реон. Преку посетата на културно историските знаменитости ќе се запознаат со богатата историја и од далечното и поблиското минато со цел да се развие чувство на патриотизам и љубов кон татковината.

## 2. Задачи

- ☒ Запознавање со културата и начиунот на живеење на луѓето во Западниот дел од Република Северна Македонија;
- ☒ Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- ☒ Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе и другиот;
- ☒ Развивање интерес за спортски активности рекреација дружење и создавање навики за здраво живеење;
- ☒ да се запознаат со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- ☒ да се изгради чувство на патриотизам,толеранција и соживот;
- ☒ да се развива позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;
- ☒ да се развие интерес за природата и градење на еколошки навики;
- ☒ да се поттикнат и манифестираат позитивните емоции;

## 3. Содржини и активности:

Се предвидуваат следниве посети на места и културно историски споменици. Поради оправдана причина, редоследот може да претрпи одредени измени во моментот на реализација на маршутата

Тридневна научно - рекреативна екскурзија со две ноќевања (месец октомври 2026 година)

**1 - ДЕН**

**Скопје-** Тргнување

**Гостивар-** Вруток извор на реката Вардар, Национален парк Маврово и Мавровско езеро

**Маврово –** Манастирот ,,Свети Јован Бигорски"

**Дебар**- Дебарското езеро, кањонот на реката Радика, бања ,,Косоврасти" Св Георгиј Победоносец- Рајчица

**Вевчани**, Вевчански извори

**Струга**- Посета на природно–научен музеј, панорамско разгледување на градот,мостот на поезијата,чаршијата и местото каде што истекува реката Црн Дрим од Охридското езеро

**Охрид** -Сместување и ноќевање

**2 - ДЕН**

**Охрид –** Разгледување на **Охрид**, старата чаршија, Самоилова тврдина, Антички театар**,**

Лихнидос стари град, Плаошник, црква ,,Света Софија" и Свети Јован Богослов - Канео

**3 - ДЕН**

**Охрид –** Посета на Билјанини извори и Заливот на коските и запознавање со флората и фауната на Охридското езеро.

Се упатуваме кон Скопје преку –Кичево, Гостивар

## 4. Времетраењето на екскурзијата

Екскурзијата ќе трае три дена со две ноќевања.

## 5. Екскурзијата ќе ја реализираат:

Наставниците и учениците од деветто одделение при ООУ „Ѓоргија Пулевски“, под раководство на директор Александар Филипчев и тимот за екскурзии составен од одговерен наставник – класен раководител Марјан Јовановски и класните раководители од деветто одделение Маја Серафимовска, Слаѓана Настовска и Љубинка Стојановска.

## 6. Технички обележја

Критериум за доделување на договорот за изведување на екскурзијата е најниска цена.

Училиштето како најповолен понудувач ќе го избере понудувачот кој ги исполнува и следниве минимум критериуми:

✓ да е регистриран согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност;

✓ има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности во последните три години;

✓ ги исполнува условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

## 7. Начин на финансирање

Екскурзијата ќе се реализира со финансиски средства од родителите.

## 8. Место и време на одржување

Екскурзијата ќе се реализира кон крајот на месец октомври 2026 година.